

# СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

## Анализа за трошоци и за придобивки на политиката за привлекување на странски директни инвестиции во Република Македонија




**Подготовка:**

**Автори**
Јорданчо Миневски
Граѓански центар за одржлив развој Егри, Крива Паланка

Емилија Никова - индивидуален истражувач

Иван В'чков
Институт за економско истражување и политики Finance Think, Скопје

**Ментор**
Владимир Филиповски[1] – Економски факултет, Скопје

---

1 Ставовите искажани во студијата се ставови на авторите и менторот не неопходно се согласува со истите

# ВОВЕД

Владата на Република Македонија изминатите години води стимулативна политика за привлекување и за зголемување на странските директни инвестиции во државата. Генерално се смета дека тие се важни за економскиот пораст и развој. За целите на оваа политика се ангажирани две поголеми државни институции: Агенција за странски директни инвестиции и промоција на извоз на Република Македонија (АСИПРИМ) и Дирекција за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ). Назначени се министри без ресор што се задолжени за привлекување странски инвестиции и се ангажираат економски промотори. Владата на Република Македонија (РМ) организира патувања за промовирање на Македонија како дестинација за инвестирање и се врши засилена маркетиншка кампања на влијателни светски медиуми. Сето ова се прави за да се промовираат многубројните поволности што се нудат за странските инвеститори во државата. Дел од нив се десетгодишно ослободување од данок на добивка, десетгодишно ослободување од персонален данок на доход и директна државна помош преку субвенционирање инвестициски вложувања. Оваа политика е предмет на дискусии и на контроверзии во јавноста подолг временски период. Главната причина за дискусии на оваа политика е ефикасноста на потрошените државни пари и дадените субвенции на странските инвеститори преку оваа политика.

Со цел да се утврдат и квантификуваат трошоците што настануваат од водењето и од спроведувањето на оваа национална политика, од една страна, и придобивките од политиката, од друга страна, се спроведува анализа на трошоци и на придобивки (кост-бенефит). Со квантификување на трошоците и на придобивките на политиката може да се утврди нејзиниот нето-ефект.

Според Прирачникот за анализа за трошоци и за придобивки на Европска комисија (ЕК) (European Commission, 2014), оваа алатка е клучен елемент за донесување одлуки за државни инвестициски проекти. Анализата е дел од стратегијата за одбирање најдобри и најквалитетни проекти, кои нудат најдобра вредност за парите и кои имаат значително позитивно влијание. Анализата за трошоци и за придобивки е алатка што ги вклучува очекуваните вкупни трошоци и приходи за спроведување на една јавна програма со цел да се одбере економски најодржливата опција. Оваа анализа е често користена од владите за да се процени пожелноста на одредена програма. Целта на анализата е да се види дали вкупните реализирани и очекувани приходи ги надминуваат трошоците. Оваа аналитичка алатка нуди полесна распределба на ресурсите, ја анализира погодноста на програмата во промената на благосостојбата на едно општество низ спроведувањето одредена програма.

Цели на оваа анализа се:

- да се зголеми транспарентноста на фискалното трошење во Република Македонија
- да се квантификува висината на владините трошоци и да се препознае нивниот ефект
- да се дадат препораки засновани на сознанија до кои е дојдено во текот на анализата.

Анализата на програмата е комбинација на екс пост и на екс анте. Анализата се изработува за временски период од 2006 година до 2020 година. Од 2006 година до 2014 година во анализата се прикажани и користени фактички податоци, додека за периодот од 2015 година до 2020 година се прикажани проектирани податоци.

Привлекувањето на странските директни инвестиции (СДИ) има цел да ја подобри економската состојба на Република Македонија. Според програмата на Владата на РМ (Влада на РМ, 2014) подобрувањето на економската состојба е во повеќе сфери:

- Пораст на странските директни инвестиции во земјата
- Создавање повеќе од 10.000 работни места
- Пораст на извозот од околу 10 проценти и пораст на увозот од осум проценти годишно
- Намалување на невработеноста преку новите инвестиции во зоните што ќе отворат нови работни места
- Поттикнување соработка на домашните компании со странските инвеститори, во насока на вклучување на домашните компании во синџирот на снабдувачи на странските компании што работат во Република Македонија
- Технолошки индустриски развојни зони (ТИРЗ) што ќе овозможат рамномерен регионален развој.

# МАКРОЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2006 ГОДИНА ДО 2015 ГОДИНА

Макроекономската состојба на Република Македонија има важно значење за нашата анализа. Политиката на привлекување на СДИ во голема мера зависи, а и влијае врз макроекономската состојба во државата. Со таа цел ќе ги разгледаме најважните макроекономски показатели што се поврзуваат со оваа политика, а тоа се стапка на невработеност, стапка на реален пораст на БДП, стапка на директни инвестиции и трговски биланс на Република Македонија.

Според графикон 1, од 2006 година до третиот квартал на 2015 година стапката на невработеност има тренд на намалување. Намалувањето на невработеноста од

2006 година до третиот квартал на 2015 година изнесува 10,5 процентни поени. Ова намалување на невработеноста може да биде под влијание на повеќе фактори, од кои отворањето нови места од СДИ се еден, но не и единствен причинител.

Според графикон 2, подолу, порастот на домашниот бруто-производ (БДП) во Македонија бил највисок во 2006, 2007 и во 2008 година. Домашниот бруто-производ има забележано и блага негативна стапка во 2009 година и во 2012 година. Генерално, домашниот бруто-производ забележува прогрес за периодот од 2006 година до третиот квартал на 2015 година.

**Графички приказ 1.**
Стапка на невработеност




**Народна банка на Републикa Македонија (2016)*

**Графички приказ 2.**
Стапка на БДП реален пораст




**Народна банка на Републикa Македонија (2016)*

Според графикон 3, директните инвестиции забележале најголем подем во Македонија во 2006, 2007 и во 2008 година. На просечно ниво од 2006 година до третиот квартал на 2015 година директните инвестиции учествуваат со 3,45 проценти од домашниот бруто-производ во земјава. Мора да се забележи дека во пресметката на директни инвестиции од НБРМ се меѓународни инвестициски трансакции за здобивање траен економски интерес во претпријатие што е резидент во економија поинаква од таа на инвеститорот во кои се внесени податоци од сопственичкиот капитал (реинвестирање на добивката) и должнички инструменти.

**Графички приказ 3.**
СДИ. Директни инвестиции нето (% од БДП)




**Народна банка на Република Македонија (2016)*

**Графички приказ 4.**
Трговски биланс




**Народна банка на Република Македонија (2016)*

Во графикон 4, е претставен трговскиот биланс на Република Македонија од 2006 до 2014 година. Трговскиот биланс е претставен преку трендот на увоз и на извоз на стока во одредениот период. Забележуваме дека континуирано увозот е подоминантен од извозот во текот на годините. Иако извозот забележува пораст, тенденцијата на увозот е да расте во согласност со порастот на извозот. Трговскиот биланс во земјата е негативен и извозот, во просек, за овие години е за 56,5 проценти помал од увозот во земјата.

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И НА ИЗВОРИТЕ НА ПОДАТОЦИ

Фокус на нашата анализа ќе биде дали Македонија има корист од спроведувањето на ваквата политика. Како што беше наведено, според прирачникот на ЕК, нашата цел е да анализираме дали придобивките што ги добива земјата од СДИ преовладуваат во однос на трошоците од спроведувањето на стратегијата. Генерално, ние анализираме дали има позитивна разлика меѓу придобивките и трошоците на стратегијата. Податоците што ги користиме за нашата анализа се буџетот од 2008 до 2015 година на АСИПИРМ и на ДТИРЗ. Од 2006 година и од 2007 година го користиме буџетот на Министерство за економија, како надлежно тело за спроведување на стратегијата за привлекување странски инвестиции во РМ. Исто така, податоците за државната помош ги користиме од буџетот на РМ каде што се претставени како потпрограми дадени на АСИПРИМ и на дирекцијата за ТИРЗ. Сите други податоци од придобивките што ги добиваат овие компании како ослободување од персонален данок и данок на добивка се добиени преку информациите на Управа за јавени приходи (УЈП) и од финансиските извештаи на четиринаесетте најголеми странски инвестиции што се во ТИРЗ и во индустриските зони.

Мора да се спомене дека оваа стратегија на владата е генерална и опфаќа многу други сектори во Македонија. Другите сектори во кои се применува стратегијата се спроведување слободни здравствени зони, привлекување странски инвестиции во туризмот на РМ, привлекување СДИ во земјоделството и во текстилната индустрија. Нашата анализа ја специфицираме само кон фирмите што се во ТИРЗ поради фактот дека се фирми што се директно претставени како успешна сторија на СДИ и се привлечени од стратегијата. Овие фирми се, исто така, извозно ориентирани и се претставени како едни од поголемите работодавци во Македонија. Поради ова, логично е да се претпостави дека овие 14 фирми имаат придонес кон извозот и кон вработувањето во Република Македонија.

Врз основата на целите на оваа стратегија што се спомената од Владата на РМ ние спроведовме анализа на тоа кои би биле засегнати страни од програмата. Според целите и влијанијата што ги има оваа стратегија, засегнати страни се Владата на РМ, невработените лица во РМ, домашните претпријатија, населението

на РМ и економијата на РМ. Владата на РМ е засегната страна поради фактот дека спроведува програма од државни пари, кои, впрочем, се трошоците за спроведувањето на стратегијата. Невработените лица се засегната страна затоа што една од целите за привлекување СДИ е намалување на невработеноста. Домашните претпријатија се засегната страна поради целта на оваа стратегија за поттикнување соработка со СДИ и нивни трансфер на знаење (know – how). Населението на РМ е засегната страна поради фактот дека ова се државни пари добиени од народот. Економијата на РМ е засегната страна зашто целта на оваа програма е да поттикне поголем извоз и соработка меѓу домашните и странските фирми што индиректно би поттикнале поголем пораст и развој на економијата.

# АНАЛИЗА ЗА ТРОШОЦИ И ЗА ПРИДОБИВКИ

## ТРОШОЦИ

### Трошоци за функционирање на Агенцијата за странски директни инвестиции и промоција на извоз на Република Македонија (АСИПИРМ)

Според Закон за основање Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија во 2010 година, Агенцијата има повеќе надлежности во однос на привлекувањето странски директни инвестиции и промоција на извоз. Средствата за вршење на дејноста на Агенцијата се обезбедуваат преку трансфер од Буџетот на Република Македонија. До 2007 година програмата Д8 - Агенција за странски инвестиции на РМ е потпрограма на Програмата за економски развој што се реализира преку Министерство за економија, што значи дека буџетот на Агенцијата оди со трансфер од Министерство за економија. Од 2008 година АСИПИРМ станува посебен буџетски корисник. Како трошоци се земаат вкупните одредени расходи на агенцијата според Буџетот на РМ. Во расходите на АСИПИРМ се ставени програмите и потпрограмите што ги спроведува. Програма се АСИПИРМ (потпрограми: АСИПИРМ и Економски маркетинг) и Економски развој (потпрограми: Економска промоција и Поддршка за инвестициски вложувања) (Буџет на РМ, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016). Податоци за расходите од годините 2006 и 2007 за оваа Агенција се земени од Министерство за економија затоа што во тие години се води како потпрограма на Министерството за економија. Исто така, во овие години „Invest in Macedonia“ е спроведена по програмата Д4 Економска промоција (Буџет, 2007, стр. 17). Во самиот буџет на агенцијата се внесени и платите на администрацијата, како и економските промотори што работат на промовирање на економските можности, кои странските компании би ги добиле при своето инвестирање.

Во 2006 година агенцијата добива трансфер од Министерството за економија. Како дел од буџетот на Министерството за економија во програмата Економски

развој, потпрограма Д5, со опис: привлекување странски инвестиции и развој на слободна економска зона, наведен е износ од 48.027.000, кој не е расчленет на одделни ставки. Исто така, во ставката е вклучен износот во точката трошоци за развој на ТИРЗ.

Во 2007 година агенцијата добива трансфер од Министерството за економија. Како дел од Програмата за економски развој, потпрограмата Д8 гласи: Агенција за странски инвестиции на РМ со износ 207.370.000 плус додаден е износот на потпрограмата Д4 со опис: Странски инвестиции и промоција од 63.820.000. За истата година, ДТИРЗ добива трансфер од потпрограма Д5 на Министерството за економија, како дел од Програмата за економски развој. Опис на ставката е привлекување странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона.

За трошоците што се направени за меѓународна промоција на Македонија како дестинација за инвестирање поднесено е барање за пристап до информации од јавен карактер во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до АСИПИРМ и до Влада на РМ. Во буџетот на АСИПИРМ има посебна ставка за економска промоција што посочува на тоа дека тој износ е користен за оваа намена.

Од 2008 година до 2015 година има фактички трошоци добиени од ребалансите на буџетот, додека за 2016 година е проектиран износ од страна на Владата на РМ. За целите на нашата анализа се направени проекции за трошоците за функционирање на АСИПИРМ за периодот од 2017 година до 2020 година. За периодот 2008-2014 година пресметано е секоја година колкаво е процентуалното учество на буџетот на АСИПИРМ во номиналниот БДП на РМ. Потоа е пресметан просек на овие процентуални учества. Проектираниот износ на БДП за годините 2017, 2018, 2019, 2020 е според стапките на пораст на ММФ и е помножен со просекот на процентуалното учество на АСИПИРМ во БДП на РМ и така е добиено по година колкав би бил износот на буџетот на оваа агенција.

### Трошоци за функционирање на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ)

Дирекцијата за слободни економски зони (ДСЕЗ) е основана со Законот за слободни економски зони (1999), а според Законот за дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (2007) оваа дирекција се здобива со повеќе надлежности. Трошоците на Дирекцијата се преземени од Буџетот на РМ (2008 – 2016) каде што се одредени за Дирекцијата. Причината што се земаат вкупните расходи на Дирекцијата е бидејќи се смета дека Дирекцијата е буџетски корисник што користи дел од Буџетот на РМ за привлекување и за поддршка на странските директни инвестиции така што во самото спроведување на стратегијата за привлекување на странските директни инвестиции овој корисник мора да биде сметан за екстра-трошок на државата во спроведувањето на стратегијата.

За периодот 2008 – 2014 година за секоја година е пресметано колкаво е процентуалното учество на буџетот на ДТИРЗ во номиналниот БДП на РМ. Потоа е пресметан просек на ова процентуално учество. Проектираниот износ на БДП за годините 2017, 2018, 2019, 2020 е според стапките на пораст на ММФ (2015) и е помножен со просекот на процентуалното учество на ДТИРЗ во БДП на РМ и така е добиено по година колкав би бил износот на буџетот на оваа дирекција.

Во согласност со измените и со дополнувањата на Законот за ТИРЗ давателите на државна помош се должни до 28 февруари да поднесат извештај до Дирекцијата **со** информации за доделената државна помош. Дирекцијата, пак, води евиденција и податокот го доставува до Комисијата на заштита на конкуренцијата. Со повторни измени и дополнувања на законот давателите на државна помош оваа информација првично ја доставуваат до АСИПИРМ, која потоа информацијата ја доставува до Собранието на РМ и до ДТИРЗ. За овие податоци беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер кон надлежните органи, но немаме никаков одговор.

### Трошоци за уредување, изградба и за развој на зоните

Овој податок е изваден од Буџетот на РМ. До 2009 година овие трошоци се дел од расходите на буџетот на Министерството за економија во ставките на потпрограмите Д5 Привлекување странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона (Буџет 2006, 2007, 2008), додека по 2009 година е дел од буџетот на ДТИРЗ во програмата ДВ Технолошки индустриски развојни зони (Буџет 2009 – 2016). Досега се изградени и уредени вкупни шест ТИРЗ и тоа:

1. ТИРЗ Скопје 1
   ТИРЗ Скопје 1 е со вкупна површина од 140 хектари.
2. ТИРЗ Скопје 2
   ТИРЗ Скопје 2 е со вкупна површина од 95 хектари.
3. ТИРЗ Штип
   ТИРЗ Штип е со вкупна површина од 208 хектари.
4. ТИРЗ Струга
   ТИРЗ Струга е со вкупна површина од 30 хектари.
5. ТИРЗ Тетово
   ТИРЗ Тетово е со вкупна површина 94,74 хектари.
6. ТИРЗ Прилеп
   ТИРЗ Прилеп е со вкупна површина од 100 хектари.

Планирани се уште пет ТИРЗ и тоа:

1. ТИРЗ Гевгелија
2. ТИРЗ Кичево
3. ТИРЗ Струмица
4. ТИРЗ Ранковце
5. ТИРЗ Радовиш

Досега ДТИРЗ имаат извршено неколку јавни набавки за уредување на овие планирани зони, но, сепак, се очекува поголем износ од трошоците наменети за нив да се реализира во наредните години.

Исто така, во анализата е вклучен и податокот за трошоци за уредување на индустриската зона (ИЗ) „Жабени“ во Битола. За уредување на таа индустриска зона со вкупна површина од 86 хектари простор локалната самоуправа потрошила 3.278.688 евра (Митрески, 2013). Дополнително за оваа индустриска зона е инвестирано 5,5 километри далновод за струја, кој е дополнителен трошок.

За периодот 2008 – 2014 година за секоја година е пресметано колкаво е процентуалното учество на буџетот на трошоците за уредување, изградба и за развој на ТИРЗ во номиналниот БДП на РМ. Потоа е пресметан просек на ова процентуално учество. Проектираниот износ на БДП за годините 2017, 2018, 2019, 2020 (според стапките на пораст на ММФ) е помножен со просекот на процентуалното учество на ДТИРЗ во БДП на РМ и така е добиено по година колкав би бил износот на буџетот на оваа дирекција.

### Загубен приход по основа на ослободување од плаќање данок на добивка во период од 10 години за СДИ во ТИРЗ и за индустриските зони „Жабени“ и „Телот“

Данокот на добивка е данок, кој, според Законот за данок на добивка, изнесува 10 проценти и се плаќа на даночната основица што се добива како резултат од вкупните приходи намалени за вкупните трошоци. Во членот 5 од Законот за технолошки индустриски развојни зони од 2007 година се предвидува олеснување и ослободување од плаќање на данок на добивка. На веб-страниците на ДТИРЗ и на Управата за јавни приходи стои дека компаниите во зоните се ослободени од плаќање данок на добивка во период од 10 години ако во рок од две години по годината на добивање на решението за почнување со работа под услови утврдени со закон го почнат вршењето на дејноста во зоната. По направената анализа, констатирано е дека сите компании за кои се пресметани даночните ослободувања почнале со работа.

За пресметката на ослободувањето од плаќање данок на добивка за периодот 2006 – 2014 година се земаат податоците од финансиските извештаи на компаниите

од Централен регистар на РМ. Се разгледуваат ставките 3. данок на добивка и 4. нето-добивка за годината и се гледа дали и колку компанијата има платено на име данок на добивка за тековната година. Доколку има платено добивка, но во различен износ од законските 10 проценти се зема нето-вредноста. Се пресметува со равенката {(нето-добивка за деловната година*0,1) – платен данок на добивка}.

Проекциите за период 2015 – 2020 година се пресметаа на следниов начин: имајќи предвид дека нето-извозот веќе беше проектиран, го искористивме за да дојдеме до добивката / загубата пред оданочување за секоја година, заклучно со 2014 година. Прво, на ставката нето-извоз {вкупен приход - (вкупен трошок - трошоци за вработени)} го додадовме трошокот за вработени од финансиските извештаи со што се дојде до основата. Потоа се проектираше трошокот за еден вработен во периодот 2006-2014 година, кој се доби како вкупни трошоци за вработени / вкупен број вработени..Податоците, исто така, се земени од финансиските извештаи на компаниите.

Следно што се направи е пресметката на трошокот за вработени по години за периодот 2015-2020 година. Ова се пресмета како проектиран број на вработени за тековната година x просечниот трошок за 1 вработен за периодот 2006-2014 година. Потоа овој проектиран трошок се додаде на нето–извозот, по што се доби основата добивка / загуба пред оданочување за периодот 2015-2020 година. Оваа сума потоа беше помножена со коефициентот 0,1 по што се доби проектираното даночно ослободување.

Мора да се спомене дека од 2006 година до 2009 година, фирмите што се во ТИРЗ имаат работено со загуба така што во тој период државата нема загубено приход од ослободувањето на овие фирми од данок на добивка.

### Загубен приход по основа ослободување од плаќање персонален данок на доход во период од 10 години за вработени во СДИ во ТИРЗ и во индустриските зони „Жабени“ и „Телот“

Персоналниот данок на доход е данок, кој, според Законот за персонален данок на доход, се плаќа како 10 проценти од пресметана бруто-плата. Од финансиските извештаи на компаниите се гледаат вкупно исплатените нето-плати за цела година. Износот што компаниите требало да го платат на државата, а се ослободени, се добива со множење на вкупниот износ на исплатени нето-плати по години во сите компании во зоните и коефициентот 0,1111, коефициент што се пресметува кога за основица се зема нето-износ на плата. Во финансиските извештаи од билансот на успех, заклучно со 2010 година, податоците за нето-плата се наоѓаат во ставката 1.2.1 плати и надоместоци од плати (нето), додека за периодот 2011-2014 година се наоѓа во делот расходи од работењето, ставка 12 6.плати и надоместоци од плати (нето). Во членот 5 од Законот за технолошки индустриски развојни зони од 2007 година се предвидува олеснување и ослободување од плаќање персонален данок на доход во

согласност со законот за персонален данок на доход. На веб-страниците на ДТИРЗ и на Управата за јавни приходи стои дека компаниите во зоните се ослободени од плаќање персонален данок на доход во период од 10 години.

Проекциите за нови вработувања се направија во согласност со проекциите на Владата за периодот 2014 – 2018 година од 10.000 нови вработувања (Влада на РМ, 2014). Имајќи предвид дека за 2014 година се знае дека има 5.362 вработени, но и фактот дека 2015 и 2016 година е време на политичка криза, бројката од 10.000 ќе се земе за периодот 2015-2019 година и ќе се распореди 15 проценти во првите две и 85 проценти во вторите три години со одредена динамика на пораст. За 2020 година ќе се стават уште дополнителни 3.800 вработувања што се добиени како просек од порастот на проектираниот број вработени во претходните две години. Зголемувањето на бројот на проектираниот број вработени се зема за релевантно имајќи предвид дека инфраструктурата во голем дел е изградена и во согласност со прогнозите на ММФ се очекува пораст на светската економијата, а со тоа и пораст на инвестициите.

## Опортунитетни трошоци од ангажираното земјиште

Опортунитетните трошоци претставуваат алтернативното искористување на земјиштето на зоните. Алтернативното искористување на земјиштето го гледаме од аспект на земјоделското производство. Ова претставува потенцијално пропуштена можност за најдобро искористување на земјиштето на кое се изградени индустриските зони.

Опортунитетниот трошок на земјиштето беше пресметан преку приносот на земјоделското производство. Земена е пченицата како најзастапена култура во регионите каде што се сместени зоните. Оваа информација беше добиена од истражувањето на Државниот завод за статистика на РМ во кој, покрај најзастапената култура по региони, има истражување и за годишниот принос од оваа култура. Со делење на вкупниот износ со вкупната површина користена за производство на пченица се доби просек по 1 хектар, сума што се аплицираше на површините на зоните. Опортунитетниот трошок по години беше распореден соодветно на годината во која е направен урбанистичкиот план на земјиштето во соодветната зона. Имено, до 2009 година се користеше официјалниот износ на површините на ТИРЗ „Скопје 1“, „Скопје 2“, „Штип“, „Тетово“ и ИЗ „Жабени“ додека од 2010 година на нив се додадени и петте планирани зони, а таа сума потоа е аплицирана сѐ до 2020 година. Површината на планираните зони е пресметана како просек од досегашните зони.

# ПРИДОБИВКИ

## Исплатени плати на вработени во СДИ

Овој податок се користи како придобивка на населението. Со тоа што овој податок директно е поврзан со целите на стратегијата за намалување на невработеноста и за подобрување на животниот стандард. Логиката и симболиката што ги претставува платите во нашата анализа се дека зголеменото вработување и шансата на невработените да создадат приходи од работно место, индиректно би поддржало подобрување на животниот стандард на тие луѓе. Исто така, индиректно би се зголемила и потрошувачката на населението во РМ со што би имала придобивки и економијата на земјата. Освен тоа, платите се гледаат како придобивка на државата преку данокот на додадена вредност (ДДВ), со тоа што кога овие вработени ги трошат своите плати, индиректно се плаќа дел за ДДВ преку стоката и услугите што ги купуваат. Износот е добиен од финансиските извештаи од фирмите што се во ТИРЗ. Износот е добиен со собирање на исплатените плати на вработените во СДИ во ТИРЗ и во ИЗ „Жабени" и „Телот".

Податоците за нето-плати се најдени од финансиските извештаи на компаниите доставени до Централен регистар на РМ за годините 2006 – 2010, ставка 1.2 нето-плати и надоместоци и ставка 214 плати и надоместоци за плата (нето) за годините 2011 – 2014. Проекциите се направени на следниов начин: најдена е просечната плата по вработен по година за периодот 2006 – 2014 година со делење на вкупниот износ на исплатени нето-плати во годината со вкупниот насобран број вработени до таа година.Со просекот од просечните плати по години е најдена просечната плата по вработен за целиот период 2006 – 2014 година. Проекциите од 2015 – 2020 година се направени така што сумата од 2014 година се зема како основа и е сума со која се исплатени сите вработени во зоните во таа година. На тоа се додава проектираниот број вработени за 2015 година помножено со просечната плата коригирана со коефициент на пораст на платата што се добива како средна вредност од порастот на платите во тековната наспроти претходната година за периодот 2006 – 2014 година. Со ова се добива проекцијата за 2015 година. За 2016 година се оди по истиот принцип,основната сума од 2015 година зголемена за проектираните вработувања за 2016 година помножена со просечната плата и со коефициентот на пораст. Во следните години се оди со истата логика на пресметување.

Вкупниот број вработени во компаниите на крајот од 2014 година изнесува 9.576. Просечната нето-плата во овие 14 фирми изнесува 21.653 денари, која е помала од просечната нето-плата во Македонија 22.407 за декември 2014 година, објавена од страна на Државниот завод за статистика. Мора да се спомене дека просекот на платите во овие фирми може да биде и под влијание на повисоките менаџерски плати во овие фирми. Во овие компании просечниот коефициент на пораст на платите на годишно ниво изнесува 1,09 проценти. Од 2006 до 2014 година едно вработување во ТИРЗ за државата чини 395.185 денари или 6.426 евра. Податокот

е добиен од односот меѓу бројот на вработени до 2014 година и разликата на целосните трошоци од спроведувањето на стратегијата до 2014 година и исплатените плати и придонеси за социјално осигурување за вработените.

**Графички приказ 5.**
Сооднос на вработените во зоните со бројот на невработени во РМ




Според графикон 5, влијанието на вработувањето во земјата од СДИ е значително во периодот од 2012 до 2014 година. Годините пред 2011 година не се земени предвид поради фактот дека во овие години во зоните фигурира само една компанија, а воедно нивното учество е мало и во 2011 година и изнесува 1,68 процент. Пресметката е направена во однос на промените на невработени на годишно ниво според Државниот завод за статистика и тие промени во вработените во компаниите во ТИРЗ и во ИЗ. Графичкиот приказ укажува дека влијанието на вработувањето на овие компаниите е значително во однос на намалувањето на невработеноста преку годините. Во 2012 година, вработувањето во овие фирми е 29,40 проценти во однос на вкупното намалување на невработените во истата година. Во 2013 и во 2014 година ова изнесува 16,01 проценти и 17,36 проценти, соодветно. Со оглед на тоа дека овие 14 компании имаат вработени 9.576 луѓе заклучно со 2014 година, овој графикон укажува дека овие компании имаат влијание кон намалувањето на невработеноста во земјата.

## Подобрување на трговскиот биланс на државата како резултат на СДИ (нето)

Дел од целите на стратегијата на привлекување СДИ е да се зголеми извозот на Република Македонија, со што би се намалил трговскиот дефицит. Овие фирми се извозно ориентирани, така што логично е да се очекува дека извозот на земјата би се зголемил. Податоците за нето-извозот се пресметани преку разликата на приходи од основната дејност (на фирмите) со вкупните трошоци (без трошоците за вработените).

**Графички приказ 6.**
Учество на компаниите во зоните во вкупниот извоз




**Графички приказ 7.**
Покриеност на увозот со извозот




**Народна банка на Република Македонија (2016)*

Пресметката за проектиран пораст на нето-извозот се направи на следниов начин: за основа од која ќе се проектира порастот се зема просекот од годините каде што има позитивен пораст на нето-извозот. Оваа основа се постави како проекција за 2015 година. Основата потоа се помножи со просечниот коефициент на пораст, кој се доби како средна вредност од коефициентите на пораст од тековната во однос на претходната година. Со ова се доби проекцијата за 2016 година, која понатаму стана основа за пресметка на проекцијата за 2017 година по истиот начин како и за претходната 2016 година. Ваквиот начин на проекција се применуваше и за другите години. Тука треба да се спомене дека проекциите за 2015, 2016 и за 2017 година може

да си ги сменат местата или да се најдат во просек поради неизвесноста од временскиот период кога идните инвестиции ќе почнат да работат. Како и сите нови инвестиции, вклучително и компаниите за кои се располага со фактички податок, на почетокот на работењето, во првите неколку години ќе генерираат негативен нето-ефект.

Од графикон 6, учеството на овие компании во вкупниот износ на извозот на РМ од 2007 до 2014 година изнесува, во просек, 11,57 проценти. Во првите години овие фирми се соочуваат со поголемо инвестирање отколку во извозот, така што е логично во годините во кои овие фирми почнуваат со работа да забележат понизок извоз. Интересно е тоа што како што се зголемува бројот на фирмите, тие фирми што веќе се стабилизирале во земјата забележуваат зголемување на извозот во следните години. Во 2014 година извозот на овие 14 фирми изнесува 31,87 проценти, што, всушност, укажува дека се исполнува целта на оваа стратегија за зголемување на извозот. Учеството е пресметано преку вкупниот приход на компаниите во однос со вкупниот извоз на РМ. Причината зошто се зема вкупниот приход на компаниите е во тоа што овие компании се извозно ориентирани така што приходите што ги остваруваат најголем дел подлежат на извоз. Исто така, според графикон 7, покриеноста на извозот во однос на увозот е зголемена, во 2014 година оваа покриеност е највисока во периодот на анализа и изнесува 67,88 проценти. Со оглед на фактот дека учеството на овие компании во извозот во 2014 година изнесува речиси една третина од вкупниот извоз на земјата, резултатот на подобрената покриеност во значаен дел е и резултат од новите компании во зоните.

## Трошоци за социјално осигурување

Во оваа пресметка се земени податоците од финансиските извештаи на фирмите од ТИРЗ. Во социјално осигурување спаѓаат трошоците што овие фирми ги плаќаат за здравствено и за пензиско осигурување на вработените. Ова се смета за придобивка за државата и истовремено и за населението. Причината за тоа е дека ако ги немало СДИ, дел од овие вработени би биле невработени и би биле трошок на државата каде што државата би била обврзана да плаќа здравствено осигурување. Пензиското осигурување е придобивка за вработените затоа што преку работа, овој дел луѓе би имале шанса за пензија кога ќе го исполнат пензискиот стаж, во спротивно дел од овие луѓе никогаш не би имале шанса за пензија.

Податоците за периодот 2006 – 2010 година се наоѓаат во ставка 1.2.2 трошоци за даноци, социјално и пензиско осигурување за период 20011 – 2014 година и во ставка 216 придонеси од задолжително пензиско осигурување. Пресметката е направена на следниов начин: Прво, со делење на вкупниот износ на придонеси исплатени во текот на годината со насобраниот бројот вработени до тековната година беше пресметано колку е исплатата за еден вработен на годишно ниво. Потоа се направи просек за тоа колку е исплатата на придонеси по вработен на годишно ниво за периодот 2006 – 2014 година по што овој просек се пренесе на насобраниот број вработени до тековната година за која се прави пресметката.

## Рамномерен регионален развој преку соработка на СДИ со домашни претпријатија

Една од придобивките на политиката на СДИ се и придобивките што ги имаат домашните компании врз основа на соработка со странските компании (градење објекти, храна, репроматеријали, одржување и слично). Во отсуство на официјални податоци, во анализата ќе биде прикажана приближна сума, која излегува од соработката. Методологијата на пресметката е според финансиските извештаи на компаниите во зоните. Земена е ставката обврски кон снабдувачите. Од вкупната сума обврски како конзервативна процена е земено 10 проценти, сметаме дека оваа сума припаѓа на македонските компании. Мора да се спомене фактот дека сумата на обврски е сумата што компаниите ја должеле на крајот на годината на 31.12 во тековната година што значи дека оваа не е конечната сума што ја имаат заработено македонските компании. Тука се исклучени производите и услугите што се испорачани и платени во истата година од работењето, но може да се смета дека ова е минималната сума што ја имаат добиено.

Низ периодот од 2006 до 2014 година, според нашите претпоставки, вкупната соработка изнесувала 2.674.424.434 денари. Според графикон 8, согледуваме дека во првите пет години целосната соработка била во скопскиот регион. Следните години, како што други фирми влегуваат во другите регионални зони, согледуваме дека соработката постепено се разграничува и дури се зголемува по другите региони.

**Графички приказ 8.**
Учество на соработката по региони




Во однос на влијанието што овие компании го имаат врз економијата на Македонија, графикон 9 укажува дека приходите на фирмите во однос на БДП континуирано се зголемуваат. Во 2014 година ова учество изнесува 13,88 проценти од БДП, што значи дека е добар показател дека приходите на овие фирми влијаат позитивно врз домашниот бруто-производ на земјата.

**Графички приказ 9.**
Учество на вкупните приходи на фирмите во зоните во БДП




Исто така, мора да се спомене и соработката на државата, односно ДТИРЗ со домашните компании. Трошоците за уредување на ТИРЗ и на ДТИРЗ се веќе внесени во нашиот калкулатор, така што оваа придобивка ја сметаме за индиректна придобивка и како една дополнителна информација за влијанието врз домашните компании околу програмата за привлекување СДИ. Придобивката се смета како дел од влијанието врз економскиот развој, а воедно и регионалниот развој на земјата. Ова влијание е измерено преку податоците од огласите за јавни набавки. Податоците од огласите ги гледаме низ призма на соработка на дирекцијата со домашните компании во создавање клима за привлекување СДИ. Вкупната соработка на ДТИРЗ и на домашните компании од 2013 до 2016 година изнесува 768.310.268 денари со вклучен ДДВ.

## Пренесување знаења и технолошки прогрес

Оваа придобивка се сметка за индиректна придобивка врз економијата на земјата, а воедно и придобивка на домашните фирми и на вработените во СДИ. Технолошкиот прогрес е, впрочем, и влијанието што го имаат овие СДИ врз подобрувањето на работата и на знаењето на нивните вработени во Македонија. Знаејќи дека овие СДИ носат нова технологија и начин на работење, ние претпоставуваме дека дел од ова индиректно би влијаело и кон подобрувањето на работењето на домашните фирми што соработуваат со фирмите во зоните. Исто така, во оваа придобивка би се сметале и обуките на вработените во овие фирми, кои добиваат нови вештини и знаења во областа во која работат. Преносот на знаење го гледаме низ тоа што домашните фирми што соработуваат со овие странски фирми би примениле нова

практика во нивното работење (нова технологија, нов начин на работа и нова стратегија во работењето). Исто така, обуките што овие фирми ги одржуваат за своите вработени би имале индиректно влијание и кон подобрување на знаењата и на вештините на тие луѓе.

Технолошкиот прогрес се пресметува преку методот *growth accounting,* кој, всушност, ги анализира различните фактори што влијаат во економскиот развој (пораст на БДП) на една земја. Во нашата анализа користиме податоци од истражувањето на Лазаров и Петрески (Lazarov and Petreski (2015)) каде што нивниот резултат е дека во Македонија технолошкиот прогрес изнесува 8,5 проценти од просечната стапка на пораст во БДП. Според ова, нашата анализа првично ја гледа разликата на БДП од година до година, последователно од оваа разлика се зема 8,5 проценти што означува вкупниот технолошки прогрес на земјата. Според ова, влијанието што го имаат овие СДИ врз технолошкиот прогрес се прави низ пресметката на учеството на нивните приходи врз вкупниот БДП низ годините. Тоа учество се зема од вкупниот технолошки прогрес, по што би се добил само износот на технолошки прогрес, кој е под влијание на овие фирми. Проекциите на приходите на овие компании во наредните години се водат со наоѓање на нивното просечно учество во вкупниот БДП на земјата. Тоа просечно учество се спроведува и во проектираните години, со оглед на тоа што проекциите на БДП во наредните години се веќе направени преку податоците на ММФ и нивните приходи низ годините пропорционално се пораснати во апсолутен износ. Причината за ваквата пресметка е дека ние не можеме да претпоставиме каква ќе биде успешноста на овие фирми низ наредните години, така што тргнуваме од конзервативен аспект со просечното учество.

# РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од анализата за трошоци и за придобивки се претставени преку калкулатор во „ексел“. Начинот на пресметка е според критериумите на Прирачникот за анализа за трошоци и за придобивки на Европската комисија (European Commission, 2014):

Откако ќе се пресметаат вкупните трошоци и придобивки од стратегијата на годишно ниво, се пресметува нивната разлика. Разликата е нето-ефектот низ годините. Според тоа, сегашната нето-вредност се пресметува со дисконтниот фактор што во нашата анализа е одреден на 8,90 проценти. Сегашната нето-вредност е показател колку е нето-ефектот (во парична вредност) на една програма или стратегија според годината од кога почнува оваа анализа.

Пресметката на 8,90 проценти дисконтен фактор е според Прирачникот на Европската комисија (2014) каде што се сугерира дека општо користена пресметка е дека дисконтниот фактор треба да биде според стапката на државна обврзница на земјата во која се спроведува програмата или стратегијата. Ние правиме

конзервативна комбинација на стапката на државен обврзник со рок на достасување од 10 години и стапката на ризик на земјата. Стапката на државната обврзница е 3,50 проценти земена на 22.12.2015 година и 5,40 проценти премиум ризикот на земјата според школата „Стерн бизнис" од Њујорк. Стапката на државниот обврзник се зема како безризичен инструмент што го издава Министерството за финансии на РМ и е гаранција дека обврските на овој инструмент ќе бидат исплатени кон кредиторот што го има тој инструмент. Премиум ризикот на земјата е според анализата на кредитниот рејтинг, политичката состојба, валутната непостојаност и задолжувањето на земјата. Овој ризик претставува минималната вредност на пари што странските инвеститори во една земја ја очекуваат како поврат на инвестициите за ризикот што го прифаќаат за инвестирање во земјата.

Во нашата анализа беа опфатени 14 СДИ, кои се во зоните: „Вистеон електроникс Македонија" д.о.о.е.л. (Скопје), „Ван Хол" д.о.о.е.л. (Илинден), „Дрекслмајер"д.о.о.е.л. (Кавадарци), „Џонсон мети" д.о.о.е.л. (Бунарџик), „Витек" д.о.о. (Илинден), „Кромберт и Шуберт" д.о.о.е.л. (Битола), „Џонсон контролс" д.о.о.е.л. (Штип), „Кемет електроникс" д.о.о.е.л. (Скопје), „Истем медикал" д.о.о. (Илинден), „Продис" д.о.о. (Илинден), „Макдија" д.о.о.е.л. (Илинден), „Про компо адвентиџ технолоџис" д.о.о.е.л. (Јегуновце) и „АРЦ аутомотив Македонија" (Илинден) и „Техникал текстајлс" д.о.о.е.л (Штип).

Врз основа на добиените информации, вкупниот износ на сегашна нето-вредност од 2006 година до 2020 година изнесува 35.064.658.992 денари. Ова означува дека придобивките од стратегијата значително ги надминуваат трошоците за спроведување на оваа стратегија. Со цел да се согледа релативната големина на нето-ефектите од политиката за СДИ, потребно е сегашната вредност на нето-ефектите да се стави во соодносс со големината на македонската економија, т.е. големината на нејзиниот домашен бруто-производ. За таа цел, прво е пресметана сегашната вредност на текот на номиналниот домашен бруто-производ (НБДП) за истиот 15-годишен период – 2006-2020 година – при што тој се дисконтира со истата дисконтна стапка како и нето-ефектите од СДИ и се сведува на сегашна вредност во 2006 година. Така се добива сегашна вредност на номиналниот БДП од 4.179.813.458.000 денари. Доколку сегашната нето-вредност на ефектите од политиката за СДИ се стави во соодносс со сегашната вредност на НБДП, се добива 0,84 проценти. Значи, кумулираните нето-ефекти од политиката на СДИ за 15-годишниот период дисконтирани на 2006 година претставуваат малку под еден процент од кумулираната вредност на номиналниот БДП за истиот период (дисконтирана на 2006 година). Низ споредувањето на трошоците и на придобивките на стратегијата може да се пресмета и колку придобивки донесува проектот на секој денар од трошоците. Оваа вредност се добива според односот на вкупните придобивки низ периодот и вкупните трошоци во тој период. Резултатот од нашата анализа укажува дека односот е 1 : 5,38 со тоа се укажува дека за секој денар потрошен за оваа стратегија, државата има поврат од 5,38 денари. Исто така, според табела 1, трошоците што влијаат најмногу врз оваа стратегија се трошоците за развој на ТИРЗ, буџетот на АСИПИРМ и загубениот приход од персонален данок.

Од страна на придобивките, оваа стратегија има најголема придобивка од нето-извозот на овие фирми, исплатените плати и од технолошкиот прогрес.

Врз нашата анализа имаме применето и анализа на сензитивност врз ставките во калкулаторот. Оваа анализа на сензитивност претставува песимистичко и оптимистичко сценарио со задавање различни вредности за трошоците и за придобивките за периодот од 2015 до 2020 година. Табела 1 претставува наше основно сценарио врз кое ги анализираме оптимистичкото и песимистичкото сценарио. Песимистичкото сценарио е дека трошоците во овој одреден период се повисоки за пет проценти од нашите претпоставки во основното сценарио. Износот на сегашната нето-вредност на ова сценарио изнесува 34.845.235.331 денари што е за 219.423.661 помалку од основното сценарио. Ова укажува на тоа дека влијанието на трошоците врз придобивките е мало, дури и ако трошоците за овој период се зголемат за 100 проценти, сегашната нето-вредност е позитивна. Ваквиот заклучок се потврдува кога ќе се разгледа и оптимистичкото сценарио. Во ова сценарио трошоците се исти од основното, но придобивките за тој одреден период се зголемени за пет проценти. Влијанието на сегашната нето-вредност е многу поголемо и изнесува 36.446.597.102 денари, што е за 1.381.938.110 денари повеќе. Исто така, кога придобивките би се намалиле за 99 проценти, сегашната нето-вредност пак е позитивна. Претпоставката од пет проценти се зема како конзервативна претпоставка во нашите пресметки, иако за анализа за сензитивност се потребни многу повеќе варијанти и пресметки на влијанија, ние сметаме дека оваа основна анализа укажува на влијанието што го имаат придобивките на оваа стратегија врз трошоците.

Нашата интерна стапка на рентабилност (ИРР) изнесува 68 проценти, што е многу повеќе од користената дисконтна стапка од 8,9 проценти. Инаку ИРР претставува стапка каде што ја изедначува вкупната сегашна нето-вредност на инвестицијата со првичната инвестиција, која е применета за оваа стратегија, односно кога разликата на вкупната сегашна нето-вредност и првичната инвестиција изнесува нула. Оценување на стратегијата со помош на критериумот на ИРР се изведува според величината на ИРР. Ако ИРР е поголема од усвоената дисконтна стапка, тогаш таа политика, проект или програма се смета за поволна и економски оправдана за реализација. Во нашиот случај ИРР изнесува 68 проценти, што означува дека оваа стратегија за привлекување странски директни инвестиции е економски оправдана.

Според, графикон 10, забележуваме дека државната помош изнесува голем дел каде што најголем бил во 2014 година, а планирано е во 2016 година таа да изнесува 466 милиони денари. Оваа ставка веќе беше ставена во нашиот калкулатор од Буџетот на РМ, но сакаме да укажеме дека оваа тенденција и овој голем износ е проблематичен.

**Табела 1.** Калкулатор на анализата за трошоци и за придобивки

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Трошоци** | | | | | | | |
| **Тип 1 - Директни - Материјални** | | | | | | | |
| Трошоци за функционирање на Агенција за странски директни инвестиции и промоција на извоз (АСИПИРМ) | | 271.190.000 | 265.000.000 | 186.759.000 | 344.454.000 | 301.577.000 | 351.560.000 |
| Трошоци за функционирање на Дирекција за технолошки индистриски развојни зони (ДТИРЗ) | | | | 38.086.000 | 59.524.000 | 89.402.000 | 104.714.000 |
| Трошоци за развој на зоните | 48.027.000 | 393.870.000 | 672.753.000 | 471.967.000 | 308.500.000 | 295.300.000 | 320.500.000 |
| Изгубен приход по основ на ослободување од плаќање данок на профит во период од 10 години за СДИ во зоните | | | | | 8.155.601 | 125.497.863 | 193.594.766 |
| Изгубен приход по основ ослободување од плаќање персонален данок на доход во период од 10 години за вработени во СДИ во зоните | | 410.378 | 2.605.826 | 5.884.854 | 12.257.977 | 20.277.147 | 32.066.723 |
| Опортунитетни трошоци од ангажираното земјиште | 6.011.814 | 23.091.376 | 26.784.347 | 23.091.376 | 46.210.480 | 46.210.480 | 46.210.480 |
| **Вкупни Трошоци** | **54.038.814** | **688.561.753** | **967.143.173** | **725.788.230** | **779.102.057** | **878.264.489** | **1.048.645.969** |
| **Бенефити** | | | | | | | |
| **Тип 1 - Директни - Материјални** | | | | | | | |
| Исплатени плати на вработени во зоните | | 3.693.768 | 23.454.783 | 52.968.981 | 110.332.823 | 182.512.573 | 288.629.371 |
| Подобрување на трговскиот биланс на државата како резултат на СДИ (нето-извоз) | | -72.938.037 | -229.924.086 | -182.377.038 | -2.110.204.623 | 1.859.910.929 | 4.523.799.734 |
| Вкупно исплатени придонеси по основ на социјално осигурување | | 2.310.688 | 13.030.080 | 23.477.890 | 49.194.350 | 70.125.922 | 99.237.917 |
| Технолошки прогрес и know-how | | 150 | 29.117.559 | -725.976 | 429.402.604 | 1.549.292.710 | 182.768.343 |
| Регионален Развој | 16.663 | 46.994.105 | 84.847.303 | 1.480.445.631 | 133.528.450 | 136.341.223 | 187.460.520 |
| **Вкупни Бенефити** | **16.663** | **-19.939.326** | **-79.474.361** | **1.373.789.489** | **-1.387.746.396** | **3.798.183.357** | **5.281.895.885** |
| **Нето (Бенефити - Трошоци)** | **-54.022.151** | **-708.501.080** | **-1.046.617.534** | **648.001.259** | **-2.166.848.453** | **2.919.918.868** | **4.233.249.916** |
| **Нето сегашна вредност (Дисконтирана)** | **-54.022.151** | **-650.403.991** | **-882.298.581** | **501.552.975** | **-1.540.629.250** | **1.903.787.102** | **2.535.716.700** |
| **Дисконтна Стапка (8.90%)** | | **0,918** | **0,843** | **0,774** | **0,711** | **0,652** | **0,599** |

| | |
|---|---|
| **Вкупна Нето Сегашна вредност (15 години)** | **35.064.658.992** |

| 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 421.035.000 | 563.650.000 | 489.776.000 | 448.555.000 | 426.966.291 | 441.483.145 | 457.376.538 | 474.756.846 |
| 144.938.000 | 153.405.000 | 304.180.000 | 305.694.000 | 120.945.649 | 125.057.801 | 129.559.882 | 134.483.157 |
| 431.000.000 | 453.700.000 | 533.250.000 | 853.682.000 | 465.963.496 | 481.806.255 | 499.151.280 | 518.119.029 |
| 217.976.116 | 379.549.607 | 407.396.414 | 403.674.072 | 318.389.519 | 347.090.494 | 345.765.535 | 357.201.165 |
| 83.494.239 | 207.036.295 | 228.694.496 | 251.246.355 | 282.531.369 | 317.417.916 | 357.316.589 | 402.455.524 |
| 46.210.480 | 46.210.480 | 46.210.480 | 46.210.480 | 46.210.480 | 46.210.480 | 46.210.480 | 46.210.480 |
| **1.344.653.835** | **1.803.551.382** | **2.009.507.389** | **2.309.061.907** | **1.661.006.803** | **1.759.066.091** | **1.835.380.304** | **1.933.226.201** |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 751.523.305 | 1.863.513.006 | 2.058.466.305 | 2.261.443.340 | 2.543.036.621 | 2.857.046.952 | 3.216.170.914 | 3.622.461.959 |
| 3.986.705.486 | 7.623.359.938 | 4.498.444.022 | 4.885.700.480 | 5.306.294.592 | 5.763.096.286 | 6.259.222.557 | 6.798.058.730 |
| 295.972.482 | 675.471.719 | 948.176.173 | 1.042.278.611 | 376.409.755 | 1.531.611.293 | 1.842.149.341 | 2.199.738.608 |
| 3.217.346.233 | 3.294.615.327 | 1.306.565.536 | 1.458.124.651 | 1.574.126.910 | 1.697.798.936 | 1.880.062.893 | 2.075.475.588 |
| 255.225.091 | 349.565.449 | 478.644.360 | 655.386.349 | 897.391.263 | 1.228.757.785 | 1.682.483.167 | 2.303.749.073 |
| **8.506.772.596** | **13.806.525.438** | **9.290.296.395** | **10.302.933.431** | **10.697.259.140** | **13.078.311.251** | **14.880.088.872** | **16.999.483.957** |
| **7.162.118.761** | **12.002.974.056** | **7.280.789.006** | **7.993.871.524** | **9.036.252.337** | **11.319.245.161** | **13.044.708.569** | **15.066.257.756** |
| **3.939.165.319** | **6.061.501.898** | **3.378.286.099** | **3.405.389.269** | **3.533.174.664** | **4.063.609.013** | **4.304.753.828** | **4.565.076.100** |
| **0,55** | **0,505** | **0,464** | **0,426** | **0,391** | **0,359** | **0,33** | **0,303** |

**Графички приказ 10.**
Државна помош




**Буџети на РМ (2007 – 2016)*

Добиените информации се преку владината Програма за економски развој преку која се реализира потпрограмата за поддршка на инвестициски вложувања, која се спроведува преку АСИПИРМ, а од 2015 година, во согласност со измените во Законот за ТИРЗ и преку ДТИРЗ. Според буџетот за 2015 година, во делот 3 - развоен дел на буџетот, во рамките на оваа потпрограма се опфатени активности врз основа на склучените договори за доделување државна помош на корисници во ТИРЗ, кои ги има склучено агенцијата по добиено овластување од Владата на РМ, а се однесуваат на грантови за отворање нови работни места, како и за грант за градба на објекти. Претходно, објаснување за ова потпрограма се појавува во развојната компонента за Буџетот од 2010 година во кој има наведено дека овие средства се за државна помош, а се однесуваат на помош за обука и за усовршување на нововработените лица, учество во трошоци за изградба на градежни објекти, ослободувања од надомест за одржување градежни објекти и засолништа и други погодности уредени во Законот за ТИРЗ. Оваа категорија во другите години се јавува во буџетот на Министерство за економија како потпрограма за економски развој (Буџет, 2007 – 2015). Со оглед на тоа дека преку оваа потпрограма се доделуваат грантови, од буџетот за секоја година е земена категоријата субвенции и трансфери, која се јавува како категорија на потпрограмата за инвестициски вложувања. Со ова вкупниот износ на субвенции како грантови (готовина) за странските компании во земјата по оваа основа изнесува 1.800,68 милиони денари.

# ЗАКЛУЧОК

Според резултатите и анализата за трошоци и за придобивки може да се каже дека оваа стратегија нуди повеќе придобивки отколку трошоци. Фактот дека за секој денар потрошен за оваа стратегија, државата има поврат од 5,38 денари несомнено означува дека стратегијата во нашата анализа дава позитивни резултати.

Овие компании имаат значително влијание врз извозот. Учеството од 31,87 проценти во вкупниот извоз на РМ и подобрената покриеност на извозот во однос на увозот укажува дека овие СДИ влијаат позитивно на извозот. Исто така, соработката со домашните фирми укажува дека до некој степен има позитивно влијание на регионалниот развој и на технолошкиот прогрес врз македонската економија.

Според податоците од графикон 5, вкупното учество на вработените во ТИРЗ во однос на годишната промена во вкупниот број на невработени во РМ е значително од 2012 година до 2014 година. Учеството покажува дека овие компании имаат влијателна улога во намалувањето на невработеноста.

Придобивките на населението во однос на вработувањето е тоа што вработените имаат шанса за социјално осигурување (здравствено и пензиско), а, исто така, економијата има придобивка во однос на зголемената потрошувачка и ДДВ, кој е приход на државата од стоката и од услугите што тие луѓе ги купуваат.

Мора да се признае дека иако нашата анализа се потпираше на квантификување факти и податоци преземани од соодветни извори од надлежните државни органи, се соочивме со проблеми кога сакавме поточни и подетални информации. Така што, иако нашите податоци се соодветни, не можеме да гарантираме нивна целосна вистинитост. Една од причините за тоа е дека користиме податоци од Буџетот на Република Македонија, а не од завршните сметки. Завршните сметки означуваат подетален извештај за тоа колку трошоци се реализирани од планираното според Буџетот на Република Македонија. Втората причината за ова е тоа што кога контактиравме со надлежните органи со барања за пристап до информации од јавен карактер, ниеден од органите не ни достави податоци и информации за деталите што ги имавме побарано. Според членот 21 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, до денот на поднесување на анализата е истечен законскиот рок од 30 дена во кој институциите се должни да одговорат на барањето.

Исто така, мора да се спомене дека пресметките се според наши претпоставки и се подложни на промена, со оглед на фактот дека се водевме со конзервативни претпоставки и податоци, кои до некој степен и се соодветни, сметаме дека нашата анализа, генерално, го опфаќа влијанието на стратегијата врз земјата.

# ПРЕПОРАКИ

- Потребно е надлежна државна институција да ажурира и создаде анализа за трошоци и за придобивки во однос на програмата на годишно ниво. Со ваквата практика надлежните органи на кои цел им е привлекување и соработка со потенцијални СДИ, ќе можат да спроведат поприспособливи цели за да ги подобрат придобивките на програмата на годишно ниво.
- Недоволното објаснување на програмите и на ставките во буџетот на РМ и немањето волја и интерес да се достават подетални информации и податоци од надлежните органи иако беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер, сериозно ја поткопува транспарентноста на фискалното трошење во земјата. Во интерес на државата и на народот е надлежните институции да бидат поотворени во објаснувањето како и зошто се спроведуваат програмите. Исто така, мора да се спомене дека има потреба од поголема буџетска транспарентност во објаснувањето на значењето на ставките и на потставките во Буџетот на РМ. Исто така, институциите треба континуирано да приложуваат завршни сметки. Сето тоа би довело до подобрување на економските анализи на организациите и на информираноста на граѓаните во земјата.
- Факт што преовладува е во отчетот на државните институции. Државните институции мора да дадат отчет за спроведувањето на своите програми и да бидат подготвени да прифатат промени во програмите ако тие програми не го исполнуваат очекуваниот ефект.
- Потребно е да се анализираат сите податоци и информации во однос на СДИ во земјата. Достапноста на овие податоци и информации ќе придонесе за подобрување на економските ефекти на СДИ врз земјата. Подетални информации како што се извозот на компаниите во зоните, износот на соработка меѓу домашните и странските фирми, како и подетални информации во однос на вработувањата и на платите во овие фирми, би биле информации од голема корист за надлежните институции и за јавноста.
- Потребно е подетално објаснување за буџетот на институциите (АСИПИРМ и ДТИРЗ). Со оглед на фактот дека повеќето индустриски зони се веќе изградени и фактот дека овие 14 фирми веќе произведуваат позитивен ефект врз стратегијата, се поставува прашањето зошто буџетот на овие институции континуирано има најголемо учество во трошоците од анализата за трошоци и за придобивки. Потребно е засегнатите институции да ги реализираат потребите и износот на планираните пари за поефективно спроведување на стратегијата.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


[1] Влада на Република Македонија (2014) *Програма на Владата на Република Македонија 2014 – 2018.*

[2] Државен завод за ревизија на Република Македонија (2009) *Агенција за странски инвестиции на Република Македонија - конечен извештај на овластениот државен ревизор.*

[3] Министерство за финансии на Република Македонија (2006) *Буџет на Република Македонија за 2006 година.*

[4] Министерство за финансии на Република Македонија (2007) *Буџет на Република Македонија за 2007 година.*

[5] Министерство за финансии на Република Македонија (2008) *Буџет на Република Македонија за 2008 година.*

[6] Министерство за финансии на Република Македонија (2009) *Буџет на Република Македонија за 2009 година.*

[7] Министерство за финансии на Република Македонија (2010) *Буџет на Република Македонија за 2010 година.*

[8] Министерство за финансии на Република Македонија (2011) *Буџет на Република Македонија за 2011 година.*

[9] Министерство за финансии на Република Македонија (2012) *Буџет на Република Македонија за 2012 година.*

[10] Министерство за финансии на Република Македонија (2013) *Буџет на Република Македонија за 2013 година.*

[11] Министерство за финансии на Република Македонија (2014) *Буџет на Република Македонија за 2014 година.*

[12] Министерство за финансии на Република Македонија (2015) *Буџет на Република Македонија за 2015 година.*

[13] Министерство за финансии на Република Македонија (2016) *Буџет на Република Македонија за 2016 година.*

[14] Митрески, Д (2013) Германскиот гигант Кромберг и Шуберт отвори фабриката во Македонија, *Вечер,* 18 октомври 2013. [на интернет] Достапно на http://vecer.mk/ekonomija/germanskiot-gigant-kromberg-i-shubert-otvori-fabrikata-vo-makedonija

[15] Службен весник на Република Македонија бр. 06/2002. *Закон за слободни економски зони 1999 година*

[16] Службен весник на Република Македонија бр. 14/2007. *Закон за технолошки индустриски развојни зони*

[17] Службен весник на Република Македонија бр. 57/2010. *Закон за основање агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија 2010.*

[18] European Commission (2014) *Guide to Cost-Benefit Analysis of Investment Projects, Economic appraisal tool for Cohesion Policy 2014-2020.* Brussels.

[19] Lazarov, D. and Petreski, G. (2015) Does Innovation Capacity Constraint Economic Growth in Republic of Macedonia, *SSRN Papers.*